**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# МИСЛЕЊЕ КОН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СТОПАНСКА БАНКА АД – СКОПЈЕ ВО 2024 ГОДИНА

Скопје, април 2025 година

**МИСЛЕЊЕ КОН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СТОПАНСКА БАНКА АД – СКОПЈЕ ВО 2024 ГОДИНА**

1. Стопанска банка АД – Скопје (СБ) ги извршуваше своите активности во текот на 2024 година согласно законите, Статутот на СБ и интерните прописи.

2. Управниот одбор беше одговорен за извршување и следење на сите активности поврзани со постигнувањето на буџетските цели. Исполнувањето на поставените цели беше следено од Надзорниот одбор на редовна основа. Покрај тоа, Надзорниот одбор ги разгледуваше кварталните извештаи на Управниот одбор (кои содржат и нумерички и описни податоци, како и активностите на Одборот за управување со ризици) и доследно ги проценуваше активностите преземени за постигнување на поставените цели.

3. Имајќи ги предвид перформансите на СБ во 2024 година, како што е прикажано во Годишниот извештај, Надзорниот одбор потврдува дека СБ продолжи со своите успешни резултати, и покрај предизвиците со кои се соочуваше во текот на целата година, и оствари одлични резултати. Како една од системските значајни банки, Стопанска банка продолжи со успешните резултати во 2024 година слично како во претходната година, односно добивката пред оданочување достигна 67,3 милиони евра, каде што вкупните средства на Банката забележаа зголемување од 9,6 %, достигнувајќи висина од 2.341,8 милијарди евра. Со вкупен капитал и резерви од 475,4 милиони евра, Стопанска банка останува висококапитализирана банка со соодност на капитална адекватност од 17,8 %. Ваквиот позитивен исход го одразува успехот на долгорочната стратегија на Банката, која се следи во континуитет од моментот на преземањето на Банката од страна на НБГ во 2001 година.

4. Како и претходните години, Банката исто така имаше значителен придонес за пошироката заедница со своите проекти за општествена одговорност (ООП). Со поддршка на одржливи проекти за промовирање на културата, образованието, спортот и здравјето, Банката е вклучена речиси во секоја сфера на општествениот живот.

5. Годишниот извештај дава целосен преглед на работењето на СБ во 2024 година и остварените финансиски резултати. Следејќи го Законот за трговски друштва и Правилата за котација на Македонската берза, Годишниот извештај систематски и темелно ги прикажува работењето на деловните линии на Банката, контролните функции, макроекономското опкружување во кое работеше Банката, а го вклучува и Извештајот за корпоративно управување.
   Според наше мислење, Годишниот извештај на Стопанска банка АД - Скопје за 2024 година фер и објективно го прикажува работењето на Банката во текот на 2024 година.

6. Надзорниот одбор им изразува благодарност на сите клиенти, вработени, партнери и акционери на СБ за нивната доверба и поддршката во текот на годината.

Н.О. бр----------/2025
29.04.2025
Скопје

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

**Претседател,**
Маринис Стратопулос